ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Ѓорче Петров

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (637) за 2021 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**

- непрецизно утврдени критериуми за оценка на барањата за донации и спонзорства, не почитување на начелото на транспарентност и отчетност при доделување на финансиската помош и искористените средства;
- извршените градежни работи - изградба и реконструкција на улици и патишта се без одобрение за градба и проект;
- слабости при спроведување на пописот на средствата и обврските и не почитување во целост на Законот за јавни набавки при набавките на стоки, работи и услуги.

**Издадено мислење*:**
Изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, сметка на основен буџет (637) за 2021 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни системски слабости:**
Усогласување на законските одредби за финансирање на активности од областа на спортот

**Клучни препораки:**

- распределбата на средства да се врши според методологија и утврдени критериуми, а општината на својата веб страната да ги објави субјектите кои добиле буџетски средства;
- обезбедување на одобрение за градба, пред започнување на активностите за изградба на објекти во кои инвеститор е општината;
- планирањето на градбите и нивната изведба да се врши врз основа на проект согласно Законот за градење;
- спроведување на пописот на средствата и обврските согласно законските одредби и во целост почитување на Законот за јавни набавки.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на сметка на основен буџет (637) за 2021 година.

**Одговор на добиени забелешки:**
/

***** позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018